**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ОСМАТА седница на
## Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 14.03.2018 година

**СКОПЈЕ, МАРТ 2018 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Осмата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 14.03.2018 година**

Седницата започна во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот, на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување на дневниот ред**, согласно барањето за дополнување на дневниот ред, бр.09-1155/1 од 14.03.2018 година поднесено од советничката група на Коалицијата "За подобра Македонија" преку член на Совет Александар Трајковски:

21. Предлог - Заклучок за прифаќање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, 08-1009/1 од 05.03.2018 година; и

22. Предлог - Одлука за престанување на важење на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.

Со предлог за изменување на предложениот дневен ред, односно предложените точки **"21"** и **"22"** да се разгледуваат како точки **"1"** и **"2"** а точките редоследно од 1-20 да се разгледуваат како точки редоследно од 3-22.

Предлогот на членот на Советот - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија") за **дополнување** на предложениот дневен ред со следните точки:

21. Предлог - Заклучок за прифаќање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, 08-1009/1 од 05.03.2018 година;

22. Предлог - Одлука за престанување на важење на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.

Го стави на гласање.

Предлогот беше прифатен со **26 гласа "ЗА"**.

Предлогот на членот на Советот - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија") за **изменување** на предложениот дневен ред, односно предложените точки **"21"** и **"22"** да се разгледуваат како точки **"1"** и **"2"** а точките редоследно од 1-20 да се разгледуваат како точки редоследно од 3-22, го стави на гласање.

Предлогот беше прифатен со **26 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата со **26 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за прифаќање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, 08-1009/1 од 05.03.2018 година;
2. Предлог - Одлука за престанување на важење на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2017 година;
4. Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2018 година;
5. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
6. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
7. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;

8. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
9. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
10. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
11. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
12. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
13. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
14. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
15. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
16. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
17. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
18. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
19. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
20. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
21. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година; и
22. Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Давам пауза од 30 минути за да се одржи седница на статутарно-правната комисија за да завземе став по однос на:

**Точка 1.** Предлог - Заклучок за прифаќање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и

месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, 08-1009/1 од 05.03.2018 година; и

**Точка 2.** Предлог - Одлука за престанување на важење на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.

Претставник од општинската администрација - **Васко Апостоловски**:

Знам дека има реакција и од Советот и од општинската администрација за времетраењето на дадената пауза, меѓутоа станува збор за Предлог-Одлука со која се укинуваат Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба и потребно е внимателно да се проверат сите акти донесени во врска со овие Правила. Предлозите за дополнување на дневниот ред се доставени на самата седница и од тие причини е потребно време за да се подготват материјалите.

**По паузата**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Од стручната служба сум информиран дека е подготвен и поделен материјалот и изготвен е извештај од одржаната седница на статутарно-правната комисија.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за прифаќање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, 08-1009/1 од 05.03.2018 година.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 14.03.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за прифаќање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, 08-1009/1 од 05.03.2018 година; и
- Предлог - Одлука за престанување на важење на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Како предлагач на материјалот а согласно постигнатиот договор на координативната средба на политичките партии, ќе го поддржиме донесувањето на овој заклучок со кој се прифаќа решенито на Градоначалникот за запирање од објавување на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за прифаќање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, 08-1009/1 од 05.03.2018 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за престанување на важење на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Со предложената одлука намерата е да престанат да важат постоечките Правила, согласно постигнатиот договор на координативната средба. Во престојниот период ќе се пристапи кон изготвување на нови Правила.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за престанување на важење на Правилата за работа на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 12.03.2018 година.

Комисијата предлага на Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година; и
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Го известувам Советот дека од причина што сум вработен во АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, **нема да гласам** за точките 3 и 4 од дневниот ред.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2017 годинаа Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - Скопје за 2017 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2018 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.03.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година; и
- Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата "За подобра Македонија" ќе ја поддржи оваа Предлог-Одлука од причина што овој проект е започнат уште во 2010 година, во време кога Градоначалник беше Тони Трајковски. За разлика од ВМРО-ДПМНЕ, советничката група на СДСМ секогаш кога се носела оваа одлука биле против. Сега имаме ситуација сегашниот Градоначалник Георгиевски одлучува да се продолжи со овој проект. Тоа е доказ за менување на ставовите и нова практика СДСМ да ги прифаќа сите добри проекти од ВМРО-ДПМНЕ и признава дека сето она што го говореле, кога биле во опозиција било паушално и од единствена причина да се нападне тогашниот Градоначалник. Ние за разлика од нив немавме дилема ниту тогаш ниту сега.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за превземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2018 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за урбано планирање "Ф", на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за комунални дејности (Ј) - Подпрограма (ЈНО) урбана опрема - капитални расходи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за улично осветлување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на комисијата за култура, спорт и рекреација - **Ристо Донев**, поднесе извештај од седницата одржана на 12.03.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година; и
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за култура и културни манифестации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДЕСЕТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **Дијана Илиевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 12.03.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година; и
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за проекти од Здруженија на граѓани и фондации, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за млади и спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за училишен спорт, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за тековно одржување на училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации во училиштата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **26 гласа "ЗА" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за одржување на предучилишни установи, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на комисијата за месна самоуправа - **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.03.2018 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за заштита и спасување, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на комисијата за локален економски развој - **м-р Мартин Ристов**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.03.2018 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ова е извештај за 2017 година, комисијата за финансии и Буџет работеше на самиот извештај и како комисија констатиравме дека треба да биде усвоен. На седницата на комисијата се поставија неколку прашања кои беа темелно одговорени. Не интересираат приливите и одливите по ставки и потставки. Се констатираше дека за 2017 година општината работела исклучително домаќински и јас лично сум изненаден како функционирала општината во 2017 година. Јас како претседател на комисијата имам обврска да поставам и одредени прашања. Беше поставено прашање дали општината може да го сервисира својот долг и беше констатирано дека во овој момент должи околу 120 милиони денари за 2016 година,

па сега е намален и изнесува околу 105 милиони денари. Известени сме дека Градоначалникот направил договори за сервисирање на долгот. Имаме јасна слика дека општината во изминатиот период не била дополнително оптеретена со финансии. Би замолил повеќе да се работи во насока на обезбедување на повеќе донации.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Да појасниме определени работи. Ова што е направено е состојба која е реална и наследена. Реално е дека должиме и потпишавме договори за 123.223.756,00 денари кои се провлекуваат за период од 2011-2017 година. Јас како Градоначалник несмеам да дозволам да биде утужена општината и да плаќа дополнителни трошоци. Два милиони евра е добра половина од програмата за уредување на градежно земјиште, односно добра половина од она што треба да претставува капитални трошоци на општината, што не é за потценување. Ова значи дека треба да изработиме многу проекти, за да ги покриеме овие долгови. Треба да размислуваме во општинската администрација, посебно во раководната структура и советниците во делот на процентот на реализација на програмите. Нема програма чија реализација надминува 80%. Реализацијата се движи од најмалку 20% што укажува на тоа дека мора да бидеме и реални при планирањата. Во април 2018 година планираме ребаланс на Буџетот врз основа на најавите со потенцијални финансиери кои ќе уплаќаат средства по основ на надомест за уредување на градежно земјиште, уплати по основ на оттуѓено ДГНЗ во сопственост на РМ и по основ на донации. За овие два месеци сите тековно-оперативни расходи се реализирани без да се навлезе дали истите биле потребни или не, кои биле донесени од претходниот совет. Реализирани се во делот на спортот, културата итн. Започнатите а нереализирани активности во делот на асфалтирањето и капиталните трошоци ќе продолжат, за два дена на ул.Товарник ќе се тампонира, се работи на водоводот во н.м. Стајковци. Ќе се работи и на вкупно 18 улици во зависност од временските прилики. Дополнително ќе се договораме при донесувањето на ребалансот се со цел да се подобри животот во сите населени места.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Градоначалник, вчера имавме седница на УО на ЗЕЛС. Имаше доста предлози меѓукои и мојот предлог: Да се предложи како општини и ЗЕЛС до МТСП од причина на повеќе фактори и потребата на децата во градинките, да не биде редоследно изградбата на градинките, туку секоја општина која ќе има готов проект веднаш да добие градинка. Значи ако ние имаме 4 проекти за градинки низ општината, веднаш да се даде дозвола за работа на МТСП.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Добро е да се врати дискусијата на темата на расправа. Го следев внимателно излагањето и на колегата Кутлешовски и на Градоначалникот. Ги гледам и одговорите на советничките прашања и барам јасен одговор од Градоначалникот овде на говорница на следното прашање: Дали затекнатата состојба укажува на тоа дека се работело домаќински во општината, со "да" или "не". Дали затекнавте задолжена општина, дали се работело домаќински или расипнички ?.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Во однос на извршувањето на Буџетот за 2017 година, колегата Кутлешовски кажа за текот на расправата пред комисијата, но не кажа дека во минатото краткорочните обврски преминале во долгорочни. Секако дека во иднина треба дополнително да се гради. Ве молам колега Кутлешовски до крај да ги кажувате работите, а не само тоа што Ви одговара. Значи од причина што општината неможела да го сервисира својот долг навремено, тој од краткорочен преминал во долгорочен долг. Потребно е до крај да бидеме концизни во она што го говориме.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас токму тоа и го споменав во претходната дискусија, односно неможеме да ги оставаме обврските а да не размислуваме за понатаму. Долгорочни обврски можат да бидат и десет и дваесетгодишни обврски. Во овој случај имаме двегодишни обврски. Тие средства треба да се исплатат спрема доверителите. Ќе следуваат и тужби и камати. Слушнавме дека РМ ќе се задолжува со нови 300-500 милиони евра. Следниот Премиер или Градоначалник ќе мора тие обврски да ги сервисира. Долговите стигаат каматите ќе се трупаат. Има затезни камати итн. Знаете дека секое задолжување предизвикува свои импликации. Не ѐ сеедно дали ќе се земе кредит со 5% или со 2%, но при калкулација тоа е замка. Некогаш и кредит со 2 % камата е погломазан и потешка обврска за исполнување. Не ѐ проблем мала реализација на програмите, меѓутоа бараат посебен пристап и инфраструктура. Не отстапуваме и го охрабруваме Градоначалникот и да не се грижиме дали во иднина следниот Градоначалник ќе мора да ги сервисира долговите, тоа зависи од изворот на финансирање. Колку пати при расправата за донесување на Буџетот за 2018 година, истакнав дека неможеме да бидеме како општина на исто ниво како општините Центар или Карпош. Рурална општина има свои карактеристики и мора многу повеќе пари да бидат предвидени за овие општини. Работам 20 години со централната власт и мора да се посвети поголемо внимание, односно да им се укаже дека оваа општина има свои специфики и треба да се обезбедат повеќе пари. Зошто на пример, при кредитното задолжување за Јурумлери, не се побара 250 милиони денари кредит ако е со ниска камата ?. Неможе да се прави локален економски развој ако се работи надвор од ДУП-ви. Главен проблем е инфраструктурата, ако неа ја нема нема ни инвестиции. Почитувањето на ДУП-ви е исклучително важен во насока на привлекување на инвеститори, но Градоначалник потребно е повеќе да се притиска централната власт.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Се согласувам со дискусијата во делот дека се потребни средства и од градската и од централната власт. Во најава е дека ТАВ во штипско нема да гради аеродром и дел од тие средства за инфратруктурни проекти ќе се обезбедат за проектите за кои аплициравме во министерството за транспорт и врски и МЗШВ во висина од 150 милиони денари. Во однос на најавите за задолжување, тоа се однесува за општините кои се задолжени. Дека општината должи 2 милиони евра - должи. Добро е што во моментот нема утужени побарувања и успешно се менаџира. Дека имаме долг во наследство - имаме. Во Аеродром на пример има 4 милиони евра во плус тука имаме 2 милиони евра во минус, па Вие проценете сами дали е тоа добро или лошо. Околу донациите и она што е позитивна клима за идните инвеститори, идната инвестициска развојна политика на Град Скопје ќе биде во Гази Баба и нешто малку во општина Кисела Вода. Зошто е тоа така? Затоа што урбанистичките планови во подготовка околу 11 се во крајна фаза. Инсистирам како

Градоначалник на трпение од причина што е потребно време од изготвување до донесување и реализација на ДУП. Претходно во постапка на донесување на ДУП, низ лавиринтот од општината преку Град Скопје и МТВ поминувале и по 4, 5, 6 па дури и 10 години за реализација. Тоа мора да се надмине. Имаме индустриска зона на северната заобиколница од Хиподром према патот R103 со 280 хектари кои треба да се искористат за промоција и ширење на општината. Околу Смилковско езеро се изготвува нов детален план и ќе се привлечат нови инвеститори. Неможеме со урбанистичка документација да им кажуваме на луѓето дека имаме само идеја. Потребен е нов детален план. Потребно е да се охрабри и општинската администрација во тој дел, мора професионално, брзо и ефикасно да се излезе во пресрет на инвеститорите. Ќе има и згради и булевари и работи во економската зона. Во април точно ќе знаеме колку средства ќе бидат обезбедени од централната власт за реализација на инфраструктирни проекти, гасификација и заштита на животната средина. Моја прогноза е дека оваа година до септември ќе ни биде проблематичен период околу сервисирање на обврските а од септември ќе имаме инвестициски бум. Во право е Претседателот на Совет за дискусијата околу градинките и во преговори сме за изградба на објекти во Ќерамидница, Трубарево и Сингелиќ. Денес се договаравме дополнително и дневниот центар во н.м Железара со капацитет од 75 деца а се користи само од 4 деца со посебни потреби, да се префрли на друга локација и со тоа ќе се овозможи згрижување на околу 200 деца вкупно за сите објекти.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалникот направи споредба со општина Аеродром, како најуспешна општина, но не направи споредба со општините Куманово и Струмица. Колку се задолжени тие општини а колку е задолжена општина Гази Баба ?. Ако општината не била финансиски подготвена и презадолжена, како е аплицирано за кредит од Светска Банка ?. Ако сме презадолжени со 2 милиони евра, дали тоа значи дека Вие оваа тековна година ќе го вратите долгот и догодина ќе констатираме дека немаме долгови. Комплетната власт е Ваша. Дали долгот од 2 милиони евра е долг само на општината или е заедно со долг на останати институции ?.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Околу дискусијата на колегата Кутлешовски за краткорочни и долгорочни долгови. Долговите како што потврди и општинската администрација се многу одамна, и тие од краткорочни преминале во долгорочни. Што се однесува до план, менаџирање и како сето тоа ќе се сервисира, е сосема друга работа. Треба да бидеме конкретни кога говориме пред советниците. Во однос на задолжувањето со 200, 300, 500 милиони евра (кредит во најава за покривање на долгови на задолжени општини во РМ), Република Македонија прв пат после 2009 година го намали јавниот долг. Не е проблем задолжувањето туку за што се наменети тие пари. Ќе видиме дали со тие пари се пополнуваат дупките и во иднина да се користат за инфраструктурни проекти. Би го замолил колегата Трајковски на говорница да биде посериозен од причина што темата е многу сериозна и имаме одговорност пред граѓаните.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Сметам дека излагањето на колегата Трајковски воопшто небеше потсмев или несериозно. Тој направи споредба како што Градоначалникот направи споредба со

општина Аеродром. Општина Аеродром има многу голем приход од комуналии што ние ги немаме. Факт е дека по сите листи на задолжување, нашата општина е меѓу најмалку задолжените општини. Во врска со излагањето на колегата Кутлешовски тој кажа добронамерно ако е веќе толку поволен кредитот зошто не се задолжевме со повеќе средства ?. Се надевам и очекувам дека и во иднина општината ќе работи домаќински и ќе реализира проекти од интерес на сите граѓани и населени места. Точно е тоа што го кажа колегата Кутлешовски, Градоначалникот треба да бара пари буквално од секаде.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Пред нас ја имаме Годишната сметка. Износите се искажани јасно и експлицитно и честитки до општинската админстрација за начинот на кој е подготвена Годишната сметка на Буџетот. Една работа сакам да ја потенцирам. Сега сме март, догодина во март при расправа за Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, ќе имаме јасна слика и ќе биде многу појасно како се работело. Ако имаме негативни резултати ќе имаме можност за дебатирање со Градоначалникот. Ако имаме позитивни резултати, нема враќање назад. Во ИПАРД програмата - V компонента, како држава имавме на располагање 70 милиони евра а имавме искористено само 16 милиони евра. Што ќе се случи ако од планираното за реализација во општината за оваа година, се оствари само 35-40%. И вие како Градоначалник и ние како советници сме во истата работа кога се работи за буџетирање и финансии. Во Годишната сметка имаме на пример од донации - нула денари што не é добро. Веќе во месец октомври оваа година ако видете Градоначалник дека бројките на реализација се ниски, тоа верувајте е многу опасна ситуација.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2017 година, со **27 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Осмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 14,35 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**